ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 092
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Број: 15 – 3138/2

Дата: 07. 05. 2018

До: Лекарската Комора на Македонија

Фармацевтската Комора на Македонија

Стоматолошката Комора на Македонија

Сите здравствени установи со договор со ФЗОМ

Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со електронскиот преглед кој по барање на здравствени работници беше подготвен во соработка на претставници од Фондот и претставници од стручните комори на здравствените работници во РМ, за лековите од *Позитивната Листа А - Лекови за примарна здравствена заштита кои паѓаат на товар на ФЗОМ* за кои има ограничувања со индикации и/или режими на пропишување, во предвидениот рок до стручната служба на ФЗОМ пристигнаа мал број забелешки.

По разгледувањето на забелешките, прегледот соодветно е корегиран односно усогласен и истиот е објавен како excel документ на веб-страницата на ФЗОМ од каде може да се преземе.

Имплементацијата на овој преглед во софтверските решенија на приватните здравствени установи е задолжителна.

Напоменуваме дека прегледот е за техничка помош и не ја заменува Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ.

**Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ е подзаконски акт кој сите здравствени работници (и во ПЗУ и во ЈЗУ) мора да го имаат во предвид и да го почитуваат и применуваат заедно со сите останати прописи кои се однесуваат на пропишување и издавање на лековите на рецепт на товар на ФЗОМ.**

Со почит,

Директор,
Данаил Дончев

Директор,
Орхан Рамадани,
Orhan Ramadani

Изготвил: Соња Златановска
Кристина Тосевска
Јасминка Трајковска Спасовска
Весна Ефремова Стефаноска
Силвана Андов

Согласен: Кристина Христова
Зоран Крајоски
Даниела Јовчевска Ѓуровска

[1] 15-3138/2 [2018]